**20241031938**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Врз основа на член 73-р став (2) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија” бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.99/22, 129/23 и 253/23), министерот за економија донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА РУДАРСКИ ПРОЕКТИ ЗА ПОВРШИНСКА И ПОДЗЕМНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА, ПРЕРАБОТКА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ И ДРУГИ РУДАРСКИ ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА РУДАРСТВОТО

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на лиценцата за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството.

Член 2

(1) Лиценцата за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството се издава на тврда хартија во бела боја во А4 формат.

(2) Формата и содржината на лиценцата од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 24-2276/1
13 мај 2024 година
Скопје

Министер за економија,
**Крешник Бектеши**, с.р.

**Прилог**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Врз основа на член 73-р став (1) од Законот за минерали суровини, министерот за економија издава

**ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ИЗРАБОТКА НА РУДАРСКИ ПРОЕКТИ ЗА ПОВРШИНСКА И ПОДЗЕМНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА, ПРЕРАБОТКА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ И ДРУГИ РУДАРСКИ ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА РУДАРСТВОТО**

Број ____
на

______________________________________________
(**Име, татково име и презиме на носителот на лиценцата**)

роден/а на ______________ година во _____________ општина ___________________, Република Северна Македонија, со стручна подготовка_______________________ и диплома издадена на ден ________________ година од _____________________________________________________________.

**На ден _____________ година носителот на лиценцата го положи стручниот испит и се стекна со право за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството.**

**Бр.________**
**__. __. ____ година**
Скопје

**МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА,**